# КОМАРЦИ ОД РОДОТ *CULEX*

## Западно Нилска Треска

Име *Culex pipiens*
Должина **10 mm**
Должина на периодот на каснување е **2 недели**
Посебна карактеристика **е што има крвен оброк и од птиците**

## БИОЛОГИЈА НА ВЕКТОРОТ

Женските комарци положуваат **јајца на површината на водата**, каде што формираат мали лебдечки купчиња. Комарците од родот *Culex* се главните вектори на Западно Нилска Треска и се наоѓаат во мочуриштата, **наводнуваните обработливи површини**, во **градовите**, дури и во загадена вода

## ГЕОГРАФСКА ДИСТРИБУЦИЈА

Дистрибуција на вирусот




*Culex* ги колонизира **сите екосистеми на сите континенти.** Од 1999, во САД се пријавени **1550 смртни случаеви.** Исто така епидемии, понекогаш и урбани, се случувале и во **Европа.** Бројот на случаи во Африка, каде што вирусот е ендемичен, не е точно познат.



## ТРАНСМИСИЈА НА ВЕКТОРОТ

**Вирусот на Западно Нилска Треска** се пренесува преку комарците од родот *Culex*, главно преку инфицирани **птици.** Вирусот потекнува од Африка, и се пренесува на други континенти со **миграциските видови.**
Европските, Азиските и Северно американските комарци се заразени од птици што го носат вирусот. Тие на локално ниво инфицираат инфицираат други **птици** или **луѓе** и **коњи** кои ја делат нивната животна средина. Вирусот на Западно Нилска Треска го напаѓа нервниот систем на домаќините. Тој предизвикува **болки во мускулите, треска и главоболки** кај луѓето. Понекогаш оваа болест може да предизвика и смртоносен **енцефалитис**

## ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА

Непостои ниту вакцина ниту лек за борба против инфекцијата со вирусот на Западно Нилска Треска. Со оглед на тоа, мора да се преземат мерки за заштита од комарците:

- **Намалување на водните живеалишта** кои се погодни за развој на ларвите
- Користење **хемиски или биолошки инсектициди**
- Заштита од каснување со помош на репеленти, носење облека што добро го покрива телото и спиење под **мрежа против комарци**

**ВИРУСОТ СЕ ПРЕНЕСУВА ОД ПТИЦИТЕ, НА ГЛАВНАТА ЦЕЛ-ЛУЃЕТО, ПРЕКУ КОМАРЦИТЕ**